Бр. 12-1009/1
12.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------- на 26.08.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-тата седницата одржана на 07.02.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2281/1 од 04.04.2019 година оформен по пријавата поднесена од подносителот -------- на 26.08.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во кој се укажува на сомневање за злоупотреби и незаконитости во постапка за експропријација на неизградено градежно земјиште, кое се наоѓа на локација на бул. "Борис Трајковски" од една страна, и Маркова река од друга страна, кое веќе било продадено на сопственикот на Друштвото --------, не само земјиштето на кое се наоѓа објектот на неговото друштво, туку продаден му бил и имот кој е во владение на сопствениците на останатите друштва чии објекти се наоѓаат во околината на неговиот имот, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во овој предмет, поради нецелосни и некомплетни податоци и информации за пријавеното дело во доставената пријава од страна на подносителот. Од увидот во содржината на поднесената пријава ДКСК не можеше да утврди конкретни податоци за катастарската парцела и катастарска општина на кои се наоѓа споменатото градежно земјиште, ниту можеше да побара од подносителот на пријавата да ја прецизира пријавата, од причина што во дописот до ДКСК не беше наведена неговата целосна адреса на живеење.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2281/1 од 04.04.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за злоупотреби и незаконитости во постапка за експропријација на неизградено градежно земјиште, кое се наоѓа на локација на бул. "Борис Трајковски" од една страна, и Маркова река од друга страна, кое веќе било продадено на сопственикот на Друштвото --------------, не само земјиштето на кое се наоѓа објектот на неговото друштво, туку продаден му бил и имот кој е во владение на сопствениците на останатите друштва чии објекти се наоѓаат во околината на неговиот имот.

Со цел утврдување фактичката состојба во конкретниот случај и утврдување на релевантноста на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Општина Кисела вода–Одделение за урбанизам и градежништво со број 12-2281/3 од 06.08.2019 година со кое побара да се достави целосна информација за:


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

- статусот на неизграденото градежно земјиште кое се наоѓа на споменатата локација (бул. "Борис Трајковски" од една страна и Маркова река од друга страна), каде се наоѓаат повеќе правни субјекти (Друштвото -----за изработка на лимарски работи, Друштвото "Скопје -----" и други друштва).

-дали во изминатиот период од страна на општината се преземени конкретни дејствија за продажба (откуп) на дел или на целиот имот се со цел да може да се изгради планираниот околен пат согласно актуелниот Детален Урбанистички План на општина Кисела Вода за ова подрачје, со детално наведување на сите конкретни активности (дејствија поврзани со продажба/ откуп на земјиште, по која цена е продадено земјиштето, дали е спроведена конкретна постапка за откуп на земјиштето, кои се купувачите на земјиштето и други релевантни информации.

Од страна на Општина Кисела Вода Сектор за нормативно правни работи беше доставено Известување со број 18-6344/2 од 23.08.2019 година во кое се побара Државната комисија да достави дополнителни информации односно да достави конкретни податоци за локацијата на која се наоѓа наведеното неизградено градежно земјиште со идентификација на катастарската парцела и катастарската општина.

Од увидот во содржината на поднесената пријава ДКСК не можеше да утврди конкретни податоци за катастарската парцела и катастарска општина на кои се наоѓа споменатото градежно земјиште, ниту можеше да побара од подносителот на пријавата да ја прецизира пријавата, од причина што во дописот до ДКСК не беше наведена неговата целосна адреса на живеење.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-2281/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**